**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ПРИЛЕП**

**ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИЗАМ И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА**

БР. 03-1503/2
од 25.04..2023 год.
Прилеп

Врз основа на член 35, став (1) од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.199/14, 193/15, 44/15, 31/16, 163/16,64/18 и 168/18), член 93 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ 32/20) и член 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02), член 26 од Статутот на Општина Прилеп, Градоначалникот на Општина Прилеп го дава следното:

# СООПШТЕНИЕ

Се организира јавна презентација и јавна анкета по УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО ПОДМОЛ СО РАЗРАБОТКА НА БЛОК 4, ОПШТИНА ПРИЛЕП.

Опис на планскиот опфат:
Планскиот опфат го опфаќа селото Подмол, на подрачјето на КО Подмол во Општина Прилеп. Село Подмол е ридскопланинско село на надморска висина од 676.00мнв во општина Прилеп, која се наоѓа во северноисточниот дел Пелагонискиот регион. Селото Подмол КО Подмол се наоѓа јужно од градот Прилеп опкружено со атарите на селата: Марул и Бонче од север, Лопатица и Мусинци од југ, Канатларци од запад. Селото Подмол во атарот на КО Подмол е опкружено со месноста Бранејца од север, Кутлиште и исток, Мера од југ и Стамболџија од запад. Определената и дадена ситуација на населбата поточно се наоѓа на југозапад од Прилеп на 29,10 km, а пристапот е преку асфалтен пат. Во с. Подмол се пристигнува преку Магистралниот пат А3 Прилеп – Битола или Регионалниот пат Р1101 Прилеп - Битола, односно (Р 106 - стара ознака), и локален асфалтен пат со должина од 11,30км. Преку селата Ерековци и Канатларци. Локалниот пат се одделува од магистралниот пат од југоисточната страна кај клучката Тополчани.

Границата на планскиот опфат на Урбанистички план за село Подмол со разработка на блок 4, Општина Прилеп **зафаќа површина од 18,06 ха**, е дефиниран со следните граници:

- на север границата се движи по северната граница на КП307, ги сече КП284, КП96/2 и КП283
- на северо-исток границата ги прати северо-источните граници на КП285/1, 285/3, 289, и 275,
- на исток границата ги прати источните граници на КП275, 290 и 292, ја сече КП1785, по источна граница на КП366, ги сече КП367, 368, 370, 373/2 и 372/4, минува по источна граница на КП 373/4, 373/3, 385 и 386
- на југ границата минува по јужните граници на КП386, 381 и 582, а ја сече и КП1778
- на југо-запад границата ја сече КП 582, се движи по границите на КП590 и 587, ги сече КП1785 и 344, се движи по границите на КП340/3 и 339/1
- на запад границата ги сече КП335 и 338, а се движи по границите на КП339/1, 339/2, 334, 333/2, 330, 328, 321 и ја сече КП1776
- на северо-запад границата се движи по северо-западната граница на КП1776

За конкретниот плански опфат, нема претходна планска документација.
Подрачјето на планскиот опфат е на територија на Општина Прилеп.

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ПРИЛЕП**

**ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИЗАМ И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА**

Јавната анкета и јавната презентација по УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО ПОДМОЛ СО РАЗРАБОТКА НА БЛОК 4, ОПШТИНА ПРИЛЕП ќе се спроведе со излагање на Предлог Планот во просториите на Општина Прилеп.

Јавната анкета ќе трае 5 работни дена од денот на објавувањето на Соопштението, односно од 28.04.2023 година до 05.05.2023 година секој работен ден од 8,30 до 15,30 часот.

Во споменатиот рок, заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот можат да доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови.

Јавната презентација со стручно презентирање на планот ќе се одржи на ден 28.04.2023 година, петок, во 12:00 часот во просториите на Општина Прилеп.

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Прилеп**
**Борче Јовчески**

Република Северна Македонија Градоначалник Општина Прилеп